**ДОГОВОР**
**за јавна набавка**
**Склучен на ден 09.07. 2015 година**

**1. НАРАЧАТЕЛОТ**: ОПШТИНА ЗРНОВЦИ Зрновци претставувана од градоначалникот на Општина Зрновци г-нот Блаже Станков дипл.економист по угустителство ( во понаатамошниот текст: нарачател) и

**2. ПРОЕКТАНТ** : ДПГПП ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана ДООЕЛ Кочани со седиштен на Ул. Иво Лола Рибар бр. 18 Кочани , застапувана од управителот Снежана Данилова од Кочани (во понатамошниот текст :проектант)

**1.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЦЕНИ И РОКОВИ** :

Член 1

Согласно проектната задача Предмет на овој договор е изработка на техничка документација на ниво на Основен проект со ревизија за локален пат с. Мородвис - до м.в Друмот с. Мородвис Општина Зрновци врз основа на спроведена постапка по Оглас со Барање за прибирање на понуди објавен на Веб странaта на Бирото за јавни набавки бр. 2/2015 година Составен дел на договорот е Извештајот за текот на е-Аукцијата за набавка на изработка на техничка документација на ниво на Основен проект со ревизија за локален пат с. Мородвис - до м.в Друмот с. Мородвис Општина Зрновци

Член 2

Единечна цена на набавката – предмет на овој договор е утврдена во Извештајот за текот на аукцијата во износ од 30.500,00 денари без пресметан ДДВ .

Член 3

Проектантот е должен сите работи предвидени во член 1 од овој Договор да ги заврши за 25 дена од воведување во работа, односно работите да се завршат до 10.08.2015 година.

**2.) ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛОТ**

Член 4

Нарачателот има право да го раскине договорот ако работите се извршуваат спротивно на: деталните технички напаствија и прописи и ако работите не се извршуваат согласно стандардите за проектирање и изработка на проекти .

Додека пак во случај на доцнење на предметната набавка од страна на носителот на набавката , Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна –пенали во висина од 0,1% дневно од вредноста на договорот

Во случај на примена на ставот 2 од овој член носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот .

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 5

По завршување на целокупната работа , нарачателот е должен да го прими Основен проект со ревизија за локален пат с. Мородвис - до м.в Друмот с. Мородвис Општина Зрновци

Член 6

Плаќањето ке се врши вирмански по доставена фактура , откако Општина Зрновци ќе ги добие средствата одобрени по Договор бр. 14-422/1 од 04.05.2015 година од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој Скопје , и откако претходно ќе биде извршена и изготвена ревизија на Основен проект локален пат с. Мородвис - до м.в Друмот с. Мородвис Општина Зрновци.

**КВАЛИТАТИВНА И КВАНТИТАТИВНА КОНТРОЛА**

Член 7

Квалитативен и квантитативна контрола на проектот ќе се изврши со самата ревизија .

Член 8

Нарачателот е должен доколку открие материјални недостатоци на проектот веднаш или најдоцна во рок од 8(осум) дена да го извести носителот на набавката . Во спротивно проектантот нема да одговара на недостатоците

**3.)ОБВРСКИ НА ПРОЕКТАНТОТ**

Член 9

Проектантот е должен да ги изврши сите работи во договорениот рок према техничките правила и прописи за изготвување на техничка документација .

Член 10

Проектантот гарантира за солидарноста и квалитетот на проектот.

Проектантот е должен сите недостатоци кои настанале или би се појавиле да ги отклони на свој трошок , без право на посебна надокнада и да ги изврши на писмено барање од нарачателот .

**4.)ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 11

Договорот е склучен помеѓу Нарачателот и Проектантот согласно одредбите од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр. 136/08).

Член 12

За се што не е предвидено во овој договор важи законот за изградба на инвестициони објекти , а во случај на спор надлежен е Основниот суд во Кочани .

Член 13

Овој Договор е составен во 6(шест) еднакви примероци од кои по 3 на двете договорени страни .

| **НАРАЧАТЕЛ** | **ПРОЕКТАНТ** |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |
| Градоначалник | ДПГПП ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана ДООЕЛ |
| Блаже Станков | Снежана Данилова |

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)